# Годишен наративен извештај
# 2022



2022 година беше година на предизвици и успеси за ИНОС. Како организација со гордост ги презентираме постигнувањата што ги остваривме, но и со воодушевување гледаме на идните предизвици. Со нашиот ангажман кон непрекината поддршка на заедницата, ние се обидовме да допринесеме кон развојот на истата. Извештајот за 2022 година за работата на Центарот за иновации и развој ИНОС го презенира нашиот напор и постигнувања како организација. Како посветени и активни учесници во областите на образование, истражување, иновации и социоекономски развој бевме дел од создавањето на позитивни промени и влијание во заедницата.

## Клучни Постигнувања:

**Подобрено Образование**

Преку нашите образовни иницијативи, успеавме да допринесеме кон подобрено образование и едукација за младите. Организиравме серии на работилници, предавања и обуки кои ги поддржуваат знаењата и вештините на младите луѓе.

- Обука за Вовед во методологија на истражување;
- Обука за Вовед во едриличарство (Конструкции на едрилици, Метеорологија, Начини на полетување, Радио-контрола).
- Обуки за Органско производство, Бизнис и маркетинг вештини.
- Работилници за користење на средствата од Ипард програмата

**Истражување и Иновации**

Успешно реализиравме проект што ги поддржаа истражувачките напори и иновативните идеи на младите. Со соработка со разни партнери, ние им овозможивме на нашите членови да развиваат и промовираат иновации во различни области. Учествувавме со научен труд на Меѓунардона научна конференција на која ги презентиравме резултатите од реализираното истражување.

- Истражување на ставовите, проблемите и предизвиците на жените од руралните средини во Пелагонискиот регион;
- Објавување на Зборник со студентски истражувачки проекти;
- Учество на меѓународна научна конференција;
- Објавен научен труд во Зборник на трудови.

**Меѓународни Проекти**

Преку соработка со меѓународни донатори и партнери, успеавме да реализираме успешни меѓународни проекти кои ги поддржуваат целите на организацијата и придонесуваат кон глобални промени. Дел од нашите проекти беа финансирани од Western Balkans Fund и Австралиската амбасада за Србија, Северна Македонија и Црна Гора.

**Јакнење на капацитетите**

Бевме учесници на серија обуки, работилници за јакнење на капацитетите на нашата организација во неколку области.

**Вмрежување**

Активно учествувавме во настани за вмрежување и станавме членка на Албис мрежата, како и Епале платформата. Исто така сме и потписници на Кодекс на граѓански организации. Оставривме контакти и соработка со претсвници од јавните институции, но и со претсваници од бизнис секторот.

**Политики и влијание**

Креиравме кратки политики со препораки за развој на значајни области во заедницата како брифофи на политики за развојот на жените од руралните средини и бриф на политика за развојот на едриличарството. Оставривме средба со австралискиот заменик амбасадор за Србија, Северна Македонија и Црна Гора на кој му ги презентиравме проблемите на руралните жени од Пелагонија. Остваривме средби со претсваници од локалната самоуправа на општина Долнени, општина Крушево, како и со градоначалниците на општина Новаци и Прилеп.

**Волонтерство**

Членовите на Инос активно беа вклучени како волонтери во активностите за одржување и чистење на Downhill патеката во село Селце, како и во реконструкацијата и обновата на Спортскиот аеродром во село Мало Коњари, Прилеп.

## Проекти во 2022

1. **"Корона вирусот - тест за дигиталното општество"**

Општата **цел** на проектот беше да го подигне нивото на истражувачки активности кај младите (студенти) и нивната вклученост во истражувачката работа.

**Специфичните цели** се однесуваа на:

- Зголемување на свеста за важноста на истражувачките активности во решавањето на проблемите во динамична средина;
- Поголема вклученост на студентите во истражувачката работа;
- Зголемување на свеста на студентите за употребата на дигиталните технологии во секојдневните студентски активности, што подразбира повеќе учење и помалку комуникација на социјалните мрежи.
- Добивање информации преку научно истражување за моменталната состојба во однос на примената на дигиталните технологии, особено за време на пандемијата Ковид 19.

Клучните **постигнувања** на проектот беа:

- Мотивирање на студентите за постудиозна и посериозна научно-истражувачка работа на актуелна тема, во услови кога онлине наставата ја намалува мотивираноста и комуникациите на студентите. Дополонително, студентите имаа можност за вмрежување и остварување на меѓусебна соработка, разменување на искуство, јавно презентирање на своите истражувања, наоди и заклучоци.
- Запознавање на студентите со процесот на студиозно изработување на научен труд, особено во услови кога плагијаризмот во изработката на студенски трудови е особено изразен. Процесот на рецензирање и коментирање на трудовите би требало да

резултира со поголема самокритичност на студентите и да води кон поиздржани аргументации во иднина. Финалниот резултат е Зборникот на студентски истражувачки проекти (печатена верзија) со ИСБН и ЦИП број добиен од Национланата Универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски” Скопје и Зборник на апстракти (електронска верзија) со најдобро оценетите 12 истражувачки проекти линк. Апстрактите во Зборниците се преведени на англиски и албански јазик.

- Направено е истражување на една актуелна проблематика поврзана со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19 и нејзиното влијание врз дигитализацијата на општествените текови. Наодите и заклучоците добиени од истражувањата понатаму можат да се користат како основа за дополнителни истражувања и креирање политики врз основа на факти и знаење. Дополнително, трудовите имаа и посебна додадена вредност, бидејќи ги одразуваат гледиштата на младите во нашата земја и нивното доживување и решенија поврзани со пандемијата. На крај, соработката меѓу студентите кои потекнуваа од различни етнички групи, како и нивната размена на материјали и идеи додаде дополнителен индиректен општствен импакт на акцијата.

Проектот го финансираше Цивика Мобилитас.









**2. "Pelagonija Rural Woman Training"**

Главната цел на проектот беше двојна: 1) научно да се процени социо-економската егзистенција на руралните жени во Пелагонија и 2) да се изградат нивните вештини и компетенции со прилагодени семинари на различни теми. Дополнително, индиректно проектот имаше за цел градење мрежи на соработка и поддршка, меѓу самите жени, но и да иницира соработка помеѓу академската заедница, студентите и руралните жени и да ги мотивира руралните студенти да истражуваат и да го подобрат својот живот во селата преку апликативно стекнато знаење на Универзитетот. За да се постигнат овие цели беа реализирани повеќе активности:

- Истражување на ставовите, потребите и проблемите на жените од руралните средини во Пелагонскиот регион.
- Остварување состаноци со претсавници од локалната самоуправа на општина Кривогаштани, општина Крушево, како и со градоначалникот на општина Новаци.
- Реализација на обуки за руралните жени на тема: органско производство, маркетинг и бизнис вештини, можности за користење на средствата од ИПАРД програмата.
- Изработка на Извештај со препораки линк и Бриф на политики линк
- Презентирање на делови од истражувањето на Меѓународна научна конференција “Towards a Better Future: Visions of Justice, Equality, and Politics”
- Објавен научен труд во Зборник на трудови со наслов “GENDER (IN) EQUALITY IN RURAL PELAGONIJA – MAIN SOCIO-ECONOMIC DETERMINANTS”, ISBN 978-608-4670-23-0





Проектот беше финансиран од Австралиската амбасада за Србија, Северна Македонија и Црна Гора.

**3. "Bird’s Perspective from Balkan Clean Sky"**

Проектот „Птичја перспектива од балканско чисто небо“имаше за цел да го промовира и брендира едриличарскиот спорт, да го зголеми интересот за овој спорт, особено кај младите луѓе и да го зголеми членството во Аеро клубовите. Проектот дополнително се фокусираше на аерозагадувањето со цел да се подигне јавната свест и разбирање за овој проблем кој страшно ги погодува балканските земји. Реализираните активности придонесоа кон подигање

на свеста и знаењето за аерозагадувањето и промоција на едриличарството, со акцент на придобивките од чистиот воздух и чистата природа и животна средина и здрав живот преку спортување. Поширокото влијание вклучуваше можност за промоција на едриличарството и авантуристичкиот туризам на Балканскиот регион преку едриличарството.

Специфични цели на проектот беа:

- да се подигне свеста за загадувањето на воздухот, особено кај младите и подигање на свеста за придобивките од чистиот воздух и природата;

- промовирање на спортските активности, како здрав начин на живеење и неговите придобивки за младите;

- да се воспостави поблиска соработка меѓу Аеро клубовите од трите земји (Северна Македонија, Косово и Србија); на тој начин, унапредување на културниот дијалог и разбирање преку изнаоѓање решенија за заеднички проблеми, аерозагадување и заеднички интерес за здравјето и спортот.

Во рамките на проектот се одржа Меѓународен Едриличарски камп на Спортскиот аеродром во Мало Коњари, Прилеп.

Проектот на едно место собра учесници од Северна Македонија, Косово и Србија. Во рамките на проектот беше одржана тркалезна маса со претсваници од Националната авио агенција, аеро клубовите од Балканскиот регион, претсавници од локалната самоуправа, туристички агенции кои разговараа за можностите за развој на едриличарството на Балканот и на авантуристичкиот туризам во регионот преку овој спорт. Беше изработен и Бриф на политика линк






Проектот беше финансиран од Фондот за Западен Балкан (Western Balkans Fund).

## Јакнење на капацитетите

Во текот на минатата година, Инос се фокусираше на подигање на своите капацитети и подобрување на перформансите преку активно учество во различни обуки и тренинзи. Веруваме дека постојаното учество во обуки е клучно за нашиот развој и успешно донесување на позитивни промени во нашата заедница и регион.

Со оглед на тоа, инвестиравме во нашите капацитети преку следниве обуки:

- Обука РОБ за граѓански организации – ЦИКП: Оваа обука ни овозможи да го зголемиме нашето разбирање за родовото одговорно буџетирање и како можеме да им помогнеме на нашата заедница.
- Обука Мониторинг на локални политики – UNDP: Преку оваа обука, добивме знаење и важни вештини за алатките за мониторинг и анализа на локалните политики, што ни помогна да бидеме поефикасни во нашата интервенција.
- Градење партнерства – Fiscast: Обуката ни овозможи да ги развиеме нашите способности за градење на партнерства со други организации и институции, што е важно за синергија и поддршка во нашата работа.
- Лабараторија за еко-иновативно претприемништво – SmecoMP: Со оваа обука, стекнавме знаења за промовирање на иновации и еко-претприемништво во нашите проекти.
- Дигитален маркетинг за непрофитни организации – Metamorfosis: Обуката ни овозможи да ги подобриме нашите дигитални комуникациски вештини, што ни помогна во поширокота промоција на нашите активности.

Овие обуки, како и многу други, ни помогнаа да ги подигнеме нашите капацитети и да бидеме подготвени за предизвиците и можностите што ни предстојат. Ние сме посветени да го продолжиме овој напор и да продолжиме со учење и развој за да создадеме уште поголема позитивна промена во нашата заедница.

## Вмрежувања

Во текот на минатата година, нашата организација ја продолжи својата посветеност кон вмрежување и поддршка на граѓанските организации. Во таа насока активно зедовме учество на Средбата за вмрежување што се одржа во Јуни во Охрид во организација на Цивика мобилитас. Овој настан беше одлична можност за нас да се сретнеме со широкото поле на граѓански организации, да разменуваме искуства и да создадеме нови партнерства. Преку ова вмрежување, го зголемивме нашето разбирање за работата на другите организации и нашата улога во поддршката на нашата заедница.

Во текот на активностите минатата година оствáривме средби и комуникации со претсваници од голем број на јавни институции, како и претсавници од бизнис секторот кој се подготвени да ги поддржат нашите идни активности.

## Потписник на Кодексот за Граѓански Организации

Со гордост сакаме да објавиме дека се придруживме на големиот број на граѓански организации како потписници на Кодексот за Граѓански Организации линк. Овој потпис се заснова на нашата верба, одговорност и етички стандарди во работата на граѓанските организации. Со тоа, го покажуваме нашето посветување кон интегритет и нашата ангажираност кон нашите членови и заедницата.

Овие активности и постигнувања дополнително ги засилуваат нашите напори да создадеме позитивни промени и да бидеме активен дел во граѓанската сцена. Со учество во настани и активности за вмрежување, како и со потпис на Кодексот, ние се обврзуваме да продолжиме со нашата работа во склад со највисоките стандарди на одговорност и етика. Ние сме предани на нашиот пат кон постојан раст и развој, и сме подготвени да создадеме позитивна промена во нашата заедница и подалеку.

## Мрежи

Со гордост и задоволство споделуваме дека организацијата Инос е дел од Платформата за инвестиции во заедницата линк. Оваа членство дополнително ја засилува нашата посветеност кон подобрување на областите на образование, истражување, иновации и социоекономски развој. Платформата не само што ни овозможува да се поврземе со други граѓански организации, туку и да споделуваме и разменуваме знаења, искуства и најдобри практики. Оваа врска ни овозможува да работиме заедно со цел да се преодат предизвиците и да се искористат можностите за подобрување на нашата заедница и област на работа. Како дел од истата, ние се обврзуваме да продолжиме со нашата активна улога во заедницата и да работиме заедно со другите членови за постигнување на заеднички цели и идеи. Со тоа, ја поддржуваме и ја засилуваме гласот и влијанието на граѓанските организации како сила за позитивна промена.

Инос е дел и до ЕПАЛЕ платформата. Членството во мрежата Епале допринесува за подигнување на нашите способности и познавања во областите на образование и развој на вештини. Исто така, тоа ни овозможува да го допринесеме нашиот глас и искуство во разговорите и активностите на европското ниво. Преку ова членство, ние го продолжуваме нашиот ангажман кон подобро образование и развој на вештини, што е критично за успешното итност на младите луѓе и целокупното општество.


*Центар за иновации и развој ИНОС*

*Петар Поп Арсов 16*

*Прилеп, 7500*

*070280950*

*cinnodinos@gmail.com*

*www.inos.org.mk*